Јавна општинска установа за деца-детска градинка СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Бр. 04-179/6
11.07. 2025 год.
Босилово

Република Северна Македонија

Јавна општинска установа за деца – детска градинка
СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Босилово

с.Босилово бр.405, 034/512-012, dgbosilovo@gmail.com

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20), член 134 став 5 и 6 од Законот за заштита на деца (Сл.весник на РМ бр.23/13, 12/14.....198/18 и Сл.весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 17/25), член 23 од Колективен договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Службен весник на РСМ бр220/2022) и согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Среќни насмевки„ Босилово со арх.бр.01-07/1 од 29.03.2021година, Известување за согласност за вработување од Министерство за финансии со арх.бр.03-12/2 од 17.04.2025 година и добиеното Позитивно мислење на Изменување и дополнување на планот за вработување за 2025 година со арх.бр.03-153/2 од 30.06.2025 година, а по спроведената постапка за интерен оглас за вработување бр.01/2025, Директорот на ЈОУДГ Среќни насмевки Босилово донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидати по интерен оглас бр.01/2025 за пополнување на работно место за помошно-технички персонал со унапредување**

**1.За унапредување за работно место Хаусмајстор - ДЕ30401А01001 – 1 извршител, врз основа на постапка за вработување со унапредување бр.01/2025, е избран следниот кандидат:**

-Ванчо Шонтевски

**2. Гореименуваниот кандидат се унапредува и распоредува од работното место Хигиеничар (ДЕ30401А01004) на работно место Хаусмајстор (ДЕ30401А01001) на начин и под услови утврдени во Законот за заштита на децата, Законот за работни односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Колективните договори.**

3.Работодавецот со гореименуваниот избран кандидат ќе склучи Анекс кон договорот за вработување по конечноста на оваа одлука.

Образложение

Од страна на Комисијата за селекција при вработување формирана со решение на Директорот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово бр.02-176/1 од 01.07.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување со унапредување на помошно-техничкиот персонал од точка 1 од оваа Одлука, а по објавениот интерен оглас за вработување на неопределено време на 1 Хаусмајстор, бр.01/2025, објавен на 02.07.2025 на огласната табла на ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово и веб страната на Општина Босилово, спроведена е постапка согласно важечкиот Закон за заштита на децата и Колективен договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата.

Комисијата за селекција при вработување по оглас број 01/2025, по спроведената административна селекција, спроведе интервју со единствениот кандидат кој ја помина административната селекција, изврши бодирање и достави ранг листа до раководното лице, со која ги предложи прворангираниот кандидат за работно место Хаусмајстор.

Врз основа на доставениот предлог на кандидати за вработување од постапката за вработување на помошно-технички персонал за оглас бр.01/2025 со арх. бр.04-179/5 од 11.07.2025 година, Директорот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Директорот ќе склучи анекс кон договор за вработување со избраниот кандидат.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

**ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово**
**Директор**
**Македонка Гоцева**

Република Северна Македонија Јавна општинска установа за детска градинка СРЕЌНИ НАСМЕВКИ Босилово